Еко-свест

# Преглед на активностите на Еко-свест
# за 2008 година

## Активности

Во текот на 2008 година Еко-свест ги спроведе следните проекти во рамки на програмите на организацијата:

- Целогодишна програма за делување во секторот на транспорт, енергетика и регионални активности, подржана од CEE Bankwatch Network со буџет од 1093286,50 денари.
  Програмата е тековна и се обновува секоја година.

- **„ГМО слободна Македонија“**, проект финансиран од Terre Humaine/ Humane Earth Foundation со буџет од 111 869,00 денари за 2008 година.
  Проектот е тековен и продолжува во 2009 година.



- **„Потикнување на органското земјоделие во Македонија“**, проект финансиран од Влада на Република Македонија, Министерство за финансии со буџет за 2008 година од 85844,00 денари.
  Проектот беше започнат во 2007 година и заврши во 2008 година.

- **„Дистрибуција на информации за ГМО“**, проект финансиран од Grassroots Foundation со буџет од 86588,50 денари.
  Проектот е завршен.

- **„Инспирирана младина за утрешнината“**, проект во партнерство со организациите „За земјата“ од Бугарија и „Terra Mileniul III“ од Романија, координиран од „A SEED“ од Холандија. Проектот е целосно финансиран од Европска комисија – Генерален директорат за млади со буџет за 2008 година од 221 502,00 денари.
  Проектот е завршен.

- **„Нафтоводи- закани наспроти придобивки“**, проект финансиран од Институтот Отворено Општество Македонија со буџет од 302518,50 денари и фондацијата XminY со буџет од 20055,00 денари.



- **„Школа за енергетика“**, проект финансиран од програмата на Bankwatch со буџет од 230 214,50 денари.
  Проектот е завршен.

- **„Рециклирање на пластика“**, проект финансиран од USAID, со вкупен буџет од 237600,00 денари.
  Проектот е завршен

- **„Велосипеди за сите“**, проект финансиран од Глобалниот еколошки фонд, Програмата за мали грантови (UNOPS- UNDP), со буџет од 1.966.086,00 денари.
  Проектот е тековен и завршува во септември 2009 година.

## Учество на настани во Македонија и Европа

Членовите на Еко-свест земаа активно учество на следните состаноци и настани во сопствена, и во организација на партнерските организации во Македонија и Европа:

- Годишно собрание на CEE Bankwatch Network во Бугарија
- Годишно собрание на CEE Bankwatch Network во Словачка
- Обука за водење кампањи во Чешка Република
- Обука за јавно-приватни партнерства во Скопје, Македонија
- Годишна средба на еколошките НВО во Македонија
- Меѓународна работилница за заканите и придобивките од нафтоводите во Скопје, Македонија
- Конференција „NEW ENERGY ROUTES IN SOUTH-EAST EUROPE“, Опатија, Хрватска



- Меѓународна работилница за пристап до информации, учество на јавноста и пристап до правда со акцент на ГМО, Келн, Германија
- Младински камп во Бугарија
- Семинар ”Foresight and research priorities settings in South Eastern Europe with special consideration of climate changes” и конференција ”Foresight and knowledge based Governance responses to Climate changes”
- Обука за енергетика, Суботица, Србија

## Публикации

Во 2008 година, Еко-свест ги публикуваше следните публикации:




- Водич за органско земјоделско производство
- Нафтоводи- закани наспроти придобивки (4 јазична брошура)
- Ризиците од јавно-приватните партнерства во централна и источна Европа
- 8 ГМО билтени




## Коалиции

Во текот на 2008 година, Еко-свест заедно со останати еколошки организации ги формираше следните коалиции на НВО:

- Коалиција за ГМО слободна Македонија
- Мрежа „Заедно за климата“, за борба против климатските промени

## Членство

На почетокот на 2008 година Еко-свест броеше:

- 7 членови со право на глас, и
- 4 почесни членови и околу 50 поддржувачи.

Во овој период кон организацијата се приклучија 13 (тринаесет) членови. Еко-свест се стекна со поголем број поддржувачи и пријатели.

Заклучно со 31.12.2008 година, Еко-свест брои:

- 20 членови со право на глас,
- 4 почесни членови и 50тина поддржувачи, и
- 3 активни волонтери.